МИХАИЛ ЈАНУШЕВ

# УЧЕБНИК ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ЗА ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ

## ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

(ДОПОЛНЕТО ИЗДАНИЕ)

Македонска искра

2020

Издавач:
**„МАКЕДОНСКА ИСКРА“ Скопје**
Бул. “Кочо Рацин“ бр. 10/4
Тел: 070 349 457 и 070 381 779
www.makedonskaiskra.com.mk

Автор:
**Михаил Јанушев**

Главен и одговорен уредник:
**Славе Николовски-Катин**

Консултант:
**Даринка Јанушева**

Рецензенти:
**Снежана Адамческа**
**Душанка Панкова**
**Надица Марковска**

Ликовно и графичко обликување
**Тони Васиќ**
**Јован Јованоски**
**Валентина Богданоска**

Лектура:
**Елена Тошева**

Печат:
**“Софија“ - Богданци**

Со решенија на Министерството за образование и наука: старо Решение бр. 07-1026/1 од 05.02.2008 година и продолжување на важноста со ново Решение бр. 26-1186/1 оd 27.07.2020 година, се одобрува употребата на овој Учебник по Македонски јазик за I одд. за задолжително деветгодишно основно образование (дополнето издание) од авторот Михаил Јанушев.

**МИХАИЛ ЈАНУШЕВ**







**Песна за прваче**

Прваче сум мало
почна школски час,
прв ден на училиште
денес почнав јас.

Многу јас ќе учам
драги мама, тато,
ветувам пред сите,
јас сум ваше злато.

Заѕвони и ѕвончето
нов ден утре иде,
највесел и најубав,
на училиште да биде!

Б.С.







Име и презиме

______________________________________





**Јас сум _____________.**
**Со Јана сме соседи. Досега заедно си игравме.**
**Сега ќе појдеме в училиште. Во него ќе учиме**
**и ќе другаруваме со повеќе деца. Ќе биде весело!**



**Јас сум _____________.**
**Сега поаѓам на училиште во прво одделение.**
**Многу се радувам на моите нови другарчиња.**
**Заедно ќе учиме и ќе си играме.**

## 1. СЛУШАМЕ И ГОВОРИМЕ

Запознавање ........................................ 10
Моите нови другари ........................................ 11
Другарување -Васил Куновски ........................................ 11
На игралиштето ........................................ 12
Семејство - Кире Донев ........................................ 13
Нешто ме чуди - Д. Алачки ........................................ 13
Родители и деца ........................................ 14
Роденденска желба - В. Кузманова ........................................ 15
Слонот си ги миел забите - Ристо Давчевски ........................................ 16
Слонот и мравките- Р. Давчевски ........................................ 17
Мојата татковина прославува ........................................ 18
Културно однесување во ........................................ 19
Лично обраќање ........................................ 20
Опис на куче ........................................ 21
Опис на предмет ........................................ 21
Коњ и куче ........................................ 21
Говор без зборови ........................................ 22
Трите прасиња ........................................ 23
Приказна во слики ........................................ 25
Цртан филм ........................................ 26
Испревртена приказна ........................................ 27
Од збор до реченица ........................................ 28
Лисицата и гавранот ........................................ 29
Дедото и репката ........................................ 30
Златокосото девојче и трите мечиња ........................................ 31
Нова година ........................................ 32
Божиќна песна ........................................ 33
Велигден ........................................ 34
Изброј и обој колку букви има ........................................ 35



# 1

# СЛУШАМЕ И ГОВОРИМЕ

# ЗАПОЗНАВАЊЕ




- На оваа слика учениците и учителката се запознаваат меѓусебно.
- Најпрвин учителката си го кажува своето име и презиме. Потоа секое дете, кога ќе ја фати топката од учителката, си го кажува своето име и презиме.
- **Правете** и вие како децата од сликата. Потоа **седнете си** на своето столче.
- Кој сака нека испее песна. **Испејте** песна сите заедно. **Раскажувајте** за вашите летни игри.

# МОИТЕ НОВИ ДРУГАРИ




## ДРУГАРУВАЊЕ

**Другарче со другарче -**
**радост, убавина.**
**Другарче на другарче -**
**љубов и добрина.**

**Другарче другарчето**
**од срце го сака,**
**делат сè што имаат,**
**и радост и мака.**

**Во таквото другарство**
**нема твое - мое,**
**се е наше, другарско,**
**без разлика што е.**

**Васил Куновски**

*ПОГОВОРКА:*
**Со добар другар и во лошо време е весело.**

- Учениците од сликата си ги кажуваат своите адреси и местото на живеење.
- **Кажете си ги** и вие вашите адреси со местото на живеење. Кого го имате во вашето семејство? Како се викаат? Што работат вашите родители? Што чувствуваш за нив?
- **Раскажувајте** како се чувствувате во училиштето. Што ви се допаѓа? **Наброј** три имиња од твоите нови другарчиња.
- **Испејте** песна со плескање на рацете и со тропнување на подот со нозете.

# НА ИГРАЛИШТЕТО



- **Опишете** ја сликата. **Кажете** по нешто за секоја група со деца. Која игра од сликата ви е најсакана? Зошто? Со што си играат Аце и Јана? **Замисли** го разговорот на некои деца. **Искажи го. Дајте им** имиња на децата. Во која група сакаш ти да бидеш?
- Дали повеќе сакаш да си играш сам или со другарчиња?
- **Играјте дува ветер** со кренати раце лево - десно.
- **Ковајте шајки** со стиснати тупаници.

# СЕМЕЈСТВО



## МАЈКА И ДЕТЕ

Во моето семејство,
ваков си е редот -
татко ми е дете -
на баба и дедо...

Но, исто и јас
заедно со бато
и ние сме им деца
на мама и тато!

Од памтивек до денес
тоа така бива;
за мајката сме деца
се дури е жива!

**Киро Донев**

## НЕШТО МЕ ЧУДИ...

Секоја мајка со рака
да погали дете сака.
Птицата - мајка, со крило
го гушка птичето мило...

И љубовта гледаш - се буди.
Но, мене нешто ме чуди:
Рибата како ги гали
Своите рипчиња мали?!

**Димитар Алачки**



- **Разговарајте** за сликата. Каква врска има со песните? Чие дете си ти? **Кажи** што мислиш за твојата мајка. А за својот татко? Како тие се грижат за тебе? Со што ти им возвраќаш на твоите родители? Како се однесувате меѓусебе во семејството? Што те прави среќен во твоето семејство? Што те растажува понекогаш? Што ти е чудно во песничката „Нешто ме чуди“?
- **Испејте** песна за мама.

# РОДИТЕЛИ И ДЕЦА









**На мачето
мајка е мачка,
на пилето
-белата квачка.**

**Мачето на
мачор е дете,
пилето
- на гордиот петел,
на зајаче
со опавче кратко,
зајакот сив
му е татко.**

**Мајката зајак и таткото зајак
на своето синче за да се слади,
од пазар, ене кошница цела
му носат зелка и моркови млади.**

**И детето мало
в лулка што
спие спокојно
слатко,
над него бдеат
дење, ноќе
неговите родители,
мајка и татко.**

**И така брзо растат
зајачиња, мачиња, деца
безгрижно како во бајка
со своите татко и мајка.**

- **Зборувајте** за името на родителите на мачето, пилето и зајчето.
- **Кажувајте ги** песничките заедно со учителката.
- Што ви се допаѓа од песничките? Зошто?
- **Раскажи** настан во твоето семејство што те израдувал.
- Како сакаш ти да ги израдуваш родителите?
- **Играјте** весели игри со пеење и вежбање.

# РОДЕНДЕНСКА ЖЕЛБА



**Наближува роденденот на Марко.**
**- Која е твојата желба? - го прашаа другарчињата од одделението.**
**- Јас...немам...желба... - се збуни Марко.**
**- Не е можно! Сите имаат желби! - му велат другарчињата.**
**- Еј, Марко, да не си ја загубил по патот? - го задеваше Ана.**
**- Можеби... - се замисли Марко и тргна да ја бара.**
**Не помина ни три чекори и голем бел мачор го пресретна по патот.**
**- Еве ја... ја најдов... - извика возбудено Марко и го гушна мачорот.**

**Виолета Кузманова**



- Како му се остварила роденденската желба на Марко? Имаш ли ти твој љубимец дома?
- **Прераскажете** го текстот „Роденденска желба" по улоги онака како што го запомнивте.
- **Прераскажете** го во целина.
- **Прераскажи** за своите роднини. Што ти беше најрадосно? Која желба сакаш да ти се исполни за твој роденден?
- **Играјте си** во катчето роденден. **Дочекувајте** гости и **разговарајте** како да е вистински роденден. Кога ќе ти биде роденден, снимај го!

# СЛОНОТ СИ ГИ МИЕЛ ЗАБИТЕ

**Кога станал од тешкиот сон,**
**еден слон**
**забите ги миел,**
**миел,**
**миел,**
**три часа со четка остра**
**ги триел,**
**триел,**
**триел,**
**и сите забни пасти од**
**продавницата**
**ги потрошил во вилицата**
**како в трап.**

**И пак останал неисчистен**
**еден заб!**

**Ристо Давчевски**



*ГАТАНКА:*
**Си имам една воденица**
**со триесет и два камења.**
**(З . . . )**

- Го разбирате ли зборот **трап?**
- **Опишете** го слонот. **Каков е слонот по големина:** мал, голем, огромен? Што ви е смешно во оваа песна? Зошто?
- Како ти си ги миеш забите? Кога ги миеш? Зошто си ги миеш забите?
- **Играјте** си миење заби, триење уши, лице и раце со сапун.
- **Подрипнувајте** како зајчиња.

# СЛОНОТ И МРАВКИТЕ

**СЛОНОТ:** Еј, мравки, што правите во моите уши?
**МРАВКИТЕ:** Нешто важно, слону: садиме круши!
**СЛОНОТ:** Круши!? Искрен да бидам, ваква глупост ниту видов ниту пак ќе видам! Во некакви уши да се садат круши!? Зар немате место в поле? Ајде, слегувајте веднаш долу!
**МРАВКИТЕ:** Не сакаме! Овде ќе садиме круши, добро ѓубре има во твоите уши.
**СЛОНОТ:** Аха, значи така! А јас мислам вака: сите ќе ве истребам без милост и мака! Ќе се спуштам сега во рекана бистра и ушите свои везден ќе ги чистам!
**МРАВКИТЕ**: Така, слону, браво! Тоа ни е цел: да влезеш во водата како јунак смел.Тогаш доаѓаме во реката и ние да гледаме како слон уши си мие.

Р. Давчевски



- **Спореди ја** големината на слонот со мравките. Како се шегуваат мравките со слонот? Зошто сакале да садат круши во неговите уши? Што направил слонот? Каде отишле мравките кога слонот влегол во водата? Што постигнале мравките?
- **Кажувајте** го расказот по улоги. Можете да настапите на училишна приредба.
- Како ти ја одржуваш својата лична хигена? **Раскажувај** по ред за тоа.

# МОЈАТА ТАТКОВИНА ПРОСЛАВУВА



## ТАТКОВИНА

**Татковино мила моја,**
**обоена со златножолта боја,**
**за мене ти си рај,**
**облеана со сончев сјај.**

**Планини и реки те красат,**
**полиња со шарена свила,**
**стада овци по ледини пасат,**
**ти си ми многу мила.**

**Д.К.Б.**



Секој има ден кога прославува нешто. Некој го прославува роденденот, некој првиот училиштен ден, речиси сите го прославуваме заминувањето на старата и доаѓањето на новата година. Секој прославува на свој начин. Некој со песна, некој со игра. Така и татковината има свои денови кои ги прославува. Роденденот на татковината го прославуваат сите граѓани кои живеат во Република Северна Македонија.

# КУЛТУРНО ОДНЕСУВАЊЕ ВО...

















- Драматизирај ги следниве ситуации со твоите другарчиња!
- Со сина боичка обој го кругот до сликата на која е претставено културно однесување, а со црвена боичка кругот до сликата на која е претставено некултурно однесување!

# ЛИЧНО ОБРАЌАЊЕ






# ОПИС НА КУЧЕ



**Разгледај го** добро кучето од сликата. **Наброј** му ги деловите од телото. Што има на главата? Со што му е покриен трупот? Каква му е бојата на влакната? Како се огласува кучето? Што прави понекогаш со опашката? Како се умилкува? Како лае кога е налутено? По кого најчесто лае? Од што се плаши кучето?

# ОПИС НА ПРЕДМЕТ

**Погледнете ги** внимателно сликите!
**Опишете ги** предметите кои ги гледате (изглед, боја, форма, на што ве потсетува?)



# КОЊ И КУЧЕ

**Еднаш коњот му рекол на кучето:**
**- Јас ја влечам колата, возам сено, влечам дрва од планината. А каква корист има човекот од тебе?**
**- Е, така е преку денот, пријателе. А ноќе? Ти си почиваш и спиеш во коњушницата. А јас вртам околу куќата. Ве чувам сите вас.**



- Разговарај со другарчето кои се твоите обврски (задачи) дома, на училиште, кон другарчињата и сл.

# ГОВОР БЕЗ ЗБОРОВИ






- Наставникот преку изразот на лицето ги покажува емоциите на радост, тага, бес, страв, а учениците погодуваат како се чувствува.

**Кажи што те прави налутен, што среќен, што тажен, а од што си исплашен!**

- Покажи со својот израз на лицето кога си тажен, среќен, исплашен и налутен.

**Со линија поврзете ги чувствата на децата!**




**РАДОСТ**

**ТАГА**

**БЕС**

**ПЛАЧЕЊЕ**






# ТРИТЕ ПРАСИЊА



- Разгледај ги сликите! За која приказна станува збор?
- Доврши ја приказната!



**Нацртај куќичка каква ти би изградил/ла!**




Поврзи ги точките со броевите од 1 до 10, а потоа обој го добиениот цртеж.

# ПРИКАЗНА ВО СЛИКИ









- Подреди ги сликите по ред, а потоа раскажи што се случило.

# ЦРТАН ФИЛМ

**Една од твоите омилени занимации во слободното време е гледањето на цртани филмови. Том и Џери е цртан филм кој сигурно си го гледал/ла.**





- Кој е твојот омилен лик? Обој го квадратот до сликичката.
- Драматизирајте еден цртани филм со Том и Џери.
- Разговарај и кажи зошто го одбра тој лик.



**Нацртај го твојот омилен лик од цртаните филмови!**

# ИСПРЕВРТЕНА ПРИКАЗНА

**Во оваа приказна некој ги испревртел деловите.**

**Со помош на цифрите од 1 до 3, одредете го редоследот на сликите.**

○ **Мравките го запрашале:**

**А што работеше летоска?**

**Свирев.**



○ **Една зима дошол штурецот кај мравките и им кажал:**

**Ве молам, дајте ми малку жито да не умрам од глад!**



○ **Кога си свирел летоска,**

**А ти сега играј да ти мине гладот! Му рекле мравките и го избркале штурецот надвор.**



- Басна е куса приказна, во која најчесто, преку животните се опишуваат човечки особини.
- Одговори на прашањата:
  1. За кого се раскажува во басната?
  2. Што правел штурецот во текот на летото а што работеле мравките?
  3. Што се случило кога дошла зимата?
  4. Опиши ги штурецот и мравката.

# ОД ЗБОР ДО РЕЧЕНИЦА

















- Разгледај ги сликичките, од нив состави реченици и кажи ги.

# ЛИСИЦАТА И ГАВРАНОТ

**Гавранот од некаде украл парче сирење, и со него во клунот, слетал на една висока гранка. Лисицата, која случајно поминувала оттука, одлучила да му го земе сирењето. Затоа му кажала на гавранот: „Какви убави сјајни очи имаш, а колку ти е прекрасен вратот... Штета е што така убава птица мора секогаш да молчи, бидејќи не умее да пее“. Гавранот, кој бил необично поласкан со овие зборови, сакајќи да ѝ покаже на лисицата дека умее и да пее, го отворил клунот и гракнал, а сирењето му испаднало од клунот и паднало право пред лисицата.**

**Итрата лиска, го грабнала сирењето, и почнала слатко да се смее: „Ха, ха, ха, ти можеби имаш глас, ама памет секако немаш“.**

**Езоп**



- Одговори на прашањата:
  1. Што направил гавранот на почетокот од басната?
  2. Каква намера имала лисицата?
  3. Дали лисицата успеала во својата намера?
  4. Што направила итрата лисица?

- Нацртај го мудрото животно од басната.

# ДЕДОТО И РЕПКАТА

**Посадил дедото репка. Репката пораснала премногу голема. Почнал дедото да ја корне репката од земјата: повлечи, потегни, не можел да ја искорне.**
**Дедото ја повикал на помош и бабата.**
**Бабата се фатила за дедото, дедото за репката: повлечи, потегни, не можеле да ја искорнат репката.**
**Бабата ја повикала на помош и внуката.**
**Внуката се фатила за бабата, бабата за дедото, дедото за репката: повлечи, потегни, не можеле да ја искорнат репката.**
**Внуката го повикала на помош и зајко.**
**Зајко се фатил за внуката, внуката за бабата, бабата за дедото, дедото за репката: повлечи, потегни, не можеле да ја искорнат репката.**
**Зајко го повикал, на помош и мачорот.**
**Мачорот се фатил за зајко, зајко за внуката, внуката за бабата, бабата за дедото, дедото за репката: повлечи, потегни, не можеле да ја искорнат репката.**
**Мачорот го повикал на помош и глушецот.**
**Глушецот се фатил за мачорот, мачорот за зајко, зајко за внуката, внуката за бабата, бабата за дедото, дедото за репката: повлечи, потегни, ја искорнале репката.**



**Народна приказна**

- Наставникот треба да ја прочита приказната. Потоа повторно ја чита дел, по дел, а децата поединечно ги прераскажуваат деловите.
- Какви слики можат да се нацртаат од секој дел?
- Во оваа приказна има повеќе чудни нешта. Разговарајте за нив. Учениците сами поставуваат прашања поврзани со содржината на текстот.

# ЗЛАТОКОСОТО ДЕВОЈЧЕ И ТРИТЕ МЕЧИЊА

**Си биле еднаш три мечиња. Еден голем мечок, едно средно мече и едно мало мече...**

**Сите тие среќно си живееле во малата куќичка на крајот од шумата...**

**Секое утро подготвувале големо тенџере со супа и од него ги полнеле трите чинии различни по големина. Додека супата им се ладела, тие оделе на прошетка низ шумата.**

**Едно утро, низ шумата проаѓало Златокосото девојче, ја здогледало куќичката и влегло внатре...**



- Наставникот нека ја прочита приказната, а вие слушајте внимателно.
- Доврשете ја приказната.
- Поделете се во групи. Секоја група нека илустрира еден дел од приказната, а потоа составете сликовница.

# НОВА ГОДИНА

- Учениците ја опишуваат новогодишната елка.
- Ги кажуваат своите желби, што посакуваат да добијат за Нова година.

**Обој ја сликата.**



**Нацртај нешто по твоја желба.**

# БОЖИЌНА ПЕСНА

**Мириса темјан,**
**босилек цвеќе,**
**камбани ѕвонат**
**Божиќ е веќе.**

**Небесен ангел**
**секаде јави:**
**- Христос се роди**
**- Божиќ се слави.**

**Наум Попески**



- Раскажете како ги прославувате празниците: Нова година, Бадник и Божиќ.
- Научете ја песничката напамет.



**Нацртајте го бадниковото гранче.**

# ВЕЛИГДЕН



Го чекаме Велигден,
со срце, со душа,
велигденска песна
секаде се слуша.
Јајцата бојосани
блескаат ко свила,
а детската радост
секому е мила.

Ќе направи мама
колачиња разни,
Велигден е најголем
христијански празник.

Десет јајца скршив
ширам весел ѕвон
во кршење јајца
јас сум шампион.



**Обој ги јајцата во кошничката, не го заборавај и малото пиле!**



# ИЗБРОЈ И ОБОЈ КОЛКУ БУКВИ ИМА



ТОПКА



ЦВЕТ



ВРЕЌА



РИБА



ВОЗ



ФОКА








## 2. ГЛАС, ЗВУК, ЗБОР, ГОВОР


Балони ........................................................................................ 38
Празнична песна - Томе Арсовски ............................................... 39
Училишен прибор ....................................................................... 40
Светла ноќ - Д. Ј. ......................................................................... 41
И ние имаме дом ......................................................................... 42
Кој каде живее - Рајко Јовчевски ................................................ 43
Компјутерски звук - В. Запрова ................................................... 44
Глас, звук, говор - В. Велјановски ................................................ 45
Врати ги изгубените гласови во зборовите ................................. 46
Гласови и зборови ........................................................................ 47
Говорна вежба: Човек и куче ....................................................... 48
Лажливец - Народна приказна ..................................................... 49
Баба и сватови - Народна песна .................................................. 50
Природни лекови - К. Донев ........................................................ 51



# 2

# ГЛАС, ЗВУК, ЗБОР, ГОВОР

# БАЛОНИ




Аце беше на

____________________

со ____________________.



- **Обиди се да составиш реченица.**
  Колку ученици има на првиот цртеж? Секое дете кажува еден збор.
- Сите зборови заедно прават реченица.
  **Играјте си** како децата на цртежите. **Составувајте** реченици.

# ПРАЗНИЧНА ПЕСНА

**Зошто Весна носи цвеќе?**
**Со неа се Коле, Симе,**
**а и Даре лази среќен -**
**што ли стана? Што ли има?**

**Насмевка на лице светна,**
**каква тајна таа крие?**
**Овој букет - радост цветна**
**го набравме сами ние.**

**Да сме среќни, да сме**
**здрави,**
**даруваме цвеќа разни -**
**цел свет денес нека слави,**
**овој ден е голем празник!**

***Томе Арсовски***



- Кои празници ги празнуваме? По што препознаваш дека празнуваме? Како се однесуваш на празниците? Што чувствуваш кога се празнува? Каде се остава цвеќе кога е државен празник ? Наброј ги имињата на децата од песната што носат цвеќе за големиот празник.
- Какви слики можат да се нацртаат од стиховите на празничната песна?
- Кои домашни празници ги славите во вашето семејство?
- Нацртајте цвеќе за празникот.

# УЧИЛИШЕН ПРИБОР

- Аце, побрзај, време е за излегување. Јас одам на работа, а ти в училиште. Дали во чантата го стави училишниот прибор? - праша мајката.

- Да мамо, ги ставив: тетратките, книгите, блокчето, моливот и боичките - и одговори Аце на мајка си.

- Добро е. Значи си го зел целиот училишен прибор. А сега да побрзаме со излегувањето.

Надвор сообраќајот беше густ. Поминуваа многу автомобили, но нивниот автобус сѐуште го немаше.

- Ене го најпосле, со олеснување викна мајка му! Сепак, ќе стигнеме навреме. Влегувај Аце пред мене! Биди културен и не туркај се - му се насмевна мајка му. Автобусот набргу појде...



- Каде ќе заминат Аце и мајка му? Што содржи училишниот прибор на Аце?
- Какви возила поминуваат по патот? Со еден збор, сите тие ги нарекуваме сообраќајни средства.
- Понекогаш повеќе имиња ги ставаме во еден исказ. На пример: домашни птици, домашни животни, семејство, овошје, зеленчук. Сетете се за уште други зборови. За секој од нив кажете што во нив се содржи.
- Игра: учителката кажува заеднички збор. Вие **погодувате** што значи тој.

# СВЕТЛА НОЌ

**Бледиот балон на месечината беше обесен на небото. Тој со растопено сребро ги полеваше: градовите, селата, планините, реките, полето.**

**Лиска, љубителот на месечевите ноќи, им рече на своите мали лисичиња:**

**- Сега е време да ви го покажам светот. Ајде по мене!**

**Меките стапалки тргнаа зад својата мајка. Нејзината развеана опашка им беше знаме - водител.**

**Поминаа низ шумската патека, прегазија поток со вода, навлегоа во зелена нива.**

**- Мамо, види овде има топки! Ајде да си земеме по една за играње - рече најмалото лисиче.**




**Лисицата подзастана, се загледа и одговори:**

**- Ова не се топки, туку лубеници и дињи. - Но, некако ми се чудни! На нив има испишани имиња!**

**- Какви имиња, мамо? - праша лисичето.**

**- Хм, еве сега ќе ги прочитам: Миле, Славе, Владе, Гордана... хм, хм... се сетив деца: месечината им ги напишала имињата на луѓето што работат во нивата. А знаете ли зошто? Затоа што секој што се труди, не треба да биде заборавен. Тоа најдобро го знаат овие плодови од нивата, па..., рече лисицата, продолжувајќи го патот понатаму.**

***Д.Ј.***

**Разговарајте** за содржината на расказот. Што ви се чини чудно во него? Што мислите за последните зборови на лисицата?

# И НИЕ ИМАМЕ ДОМ





**Мравката:** **Јас ќе спијам во мравјалникот полн со житни зрна!**

**Пчелката:** **Јас ќе спијам во кошарето полно со пити мед.**

**Штурчето:** **Јас ќе спијам во куќата со мојата виолина.**

**Верверичката:** **Јас ќе спијам во полна куќа со лешници.**

**Мечокот:** **Јас ќе спијам со мама во топлата пештера.**





***ЗАПОМНИ:***
***Секој спие каде што му е најубаво.***

- **Истражувајте** по групи, една група за едно животно. **Раскажувајте** се што знаете за тоа животно: опишете го неговиот изглед, каде живее, со што се храни, како човекот се однесува со него. **Изберете** која група најдобро ја извршила засачата?
- **Играјте** го текстот по улоги.

# КОЈ КАДЕ ЖИВЕЕ

## КОЈ КАДЕ СПИЕ

**Каде спие мечокот Марко?**
**Каде спие песот Шарко?**
**Каде спие нашата Весна?**
**Каде спие птицата лесна?**
**И оваа крава, млеко што ни дава**
**погодете вие, каде ли спие?**

***Р. Јовчевски***









- Изговарајте ги со плескање зборовите: Марко - Шарко, Весна - лесна. Сите луѓе и животни имаат свои живеалишта. Песната содржи повеќе прашања. **Одговарајте** на нив. Кој им ги прави живеалиштата на животните? А на птиците? Што мислите, како изгледаат живеалиштата на животните спомнати во песната? **Зборувајте** по ред. **Раскажете** и за други животни.
- Како изгледа твоето живеалиште? Нацртај го.
- Во училишното катче правете разни живеалишта од коцки или сл.

# КОМПЈУТЕРСКИ ЗВУК

**Сигурно сте забележале дека на компјутерските игри обично крајот на играта е означен со некоја мелодија: весела, ако сте победиле, а тажна ако сте изгубиле во играта. Во текот на самата игра, исто така, има различни мелодии и звучни ефекти: пукање, слетување на вселенски бродови и ракети, чекорење, ѕвонење на телефон и сл, но најчесто овие звуци личат на оние од типот: бип - бип, циу - циу, а зборови нема.**

***Валентина Запрова***



- Умееш ли да играш на компјутер?
- Ги разбираш ли игрите кои се без зборови?
- Какви звучни ефекти има во компјутерските игри?
- **Имитирај** со глас некој од нив.

# ГЛАС, ЗВУК, ГОВОР

## ЧИИ СЕ ОВИЕ ЗВУЦИ И ГЛАСОВИ?

**Чук, чук, чук**
**ззз, ззз, ззз**
**тик - так, тик - так,**
**кукурикуу!**
**ха - ха - ха**
**ту, ту, ту**
**брм, брм, брм**
**ав, ав, ав**
**кап, кап, кап**















## ЗВУЦИ И ШУМОВИ

**-Клик, клик, клик! -**
**птица крева вик -**

**- Клок, клок, клок! -**
**бате пие сок.**

**- Дин, дин, дон! -**
**стадо шири ѕвон.**

**- Шу, шу, шу,**
**ветрот тивко шушка,**

***Војо Велјановски***

- **Играјте:**
**Разликувајте**: гласови, звуци, шумови, говорења. **Имитирајте ги. Кажете** чии се и при изговарањето плескајте со раце. **Измислувајте** и вие звуци, гласови. **Измислувајте** зборови што започнуваат со еден глас. На пример: со г, в... Потоа тие гласови можат да бидат во зборот или на крајот од зборот. Составувајте зборови од два гласа на пр. **М** и **А** и сл.
- **Играјте**: со завртен грб **погодувајте** кој зборува во одделението.
- **Пуштете** снимка со туѓи снимени гласови. **Снимајте.**

# ВРАТИ ГИ ИЗГУБЕНИТЕ ГЛАСОВИ ВО ЗБОРОВИТЕ

Р
С
З
Ц
Ч
Ш
К
Ќ
Л
Љ
Х


. У . А


. С . А


. А . А


ПТИ . А


. У . А


. А . И


. ЕЛИ . ОПТЕР


. А . А


. ЕВРЕ .


. А .


. УБИЧИ . А

- На таблата се напишани зборовите без цртежите. Наместо испуштена буква стои точка. Учителката го чита зборот, но со испуштените гласови. Децата погодуваат кој глас недостасува. Сите заедно, неколку пати го изговараат гласот и плескаат со рацете. Учителката го запишува гласот на таблата, на неговото место во зборот.
- При изговарањето на зборовите **вежбајте** правилен изговор.
- Помогнете си со дување балони, правење сапунени меурчиња и сл.

# ГЛАСОВИ И ЗБОРОВИ









- Се препознаваат и именуваат имињата од цртежите. Се изговараат бавно, а потоа побрзо, поединечно и групно. Учителот изговара збор со 3 гласа - бавно, јасно и аналитички. Се вежба изговорот на гласовите од сите сите зборови. Се бараат други зборови. Јасно се изговараат гласовите. Се бројат на прсти кој глас во зборот е прв, втор и т.н. Се игра и читање по слогови и притоа се плеска со раце.

# ЧОВЕК И КУЧЕ




- **Разгледајте** ги сликите. **Разговарајте** за нивната содржина. Кучето е пријател на човекот. Зошто му посадил коска на својот стопан? За постапката на кучето: Дали стопанот треба да му заблагодари, да му се налути или само да се насмее. Зошто така мислите?
- Игра: **Составувајте** реченици од овие зборови: куче - човек, куче - коска. **Измислувајте** сами зборови за реченици.

# ЛАЖЛИВЕЦ



**Едно дете, пасејќи ги овците, одеднаш се развикало:**

**- Помош! Волк, волк...**

**Дотрчале селаните и виделе дека не е вистина. Ги излагало. Тоа го повторило неколку пати, но еднаш навистина дошол волкот и почнало да вика:**

**- Побрзајте, волк! Волк, волк...**

**Селаните помислиле дека пак ги лаже и затоа не се обиделе да му помогнат.**

**Волкот видел дека нема од што да се плаши и мирно му ги отепал сите овци.**

***Народна приказна***

- Учителот двапати ја чита приказната. Колку слики можат да се нацртаат од содржината на оваа приказна? **Кажете ја** приказната според замислените слики. **Кажи ја** во целина. На какво место се случил настанот? А дали било ноќ или ден? Како го замислуваш изгледот на овчарчето? **Разговарајте** за лагата и вистината.
- **Игри: Составувајте** реченици за лагата и за вистината.

# ПЕСНИ

## БАБА И СВАТОВИ

- Баба седи
на дабичка
и си плете
ракавичка.
- Зошто ти е
ракавичка?
- Да си берам
копривки!
- Зошто ти се
копривки?
- Да наранам
прасенце!
-Зошто ти е
прасенце?
- Да ми даде
масленце!
- Зошто ти е
масленце?
- Да намажам
столови!
- Зошто ти се
столови?
- Да дочекам
сватови!

*Народна песна*



- Постојат народни приказни и песни. За нив не се знае кој кога ги напишал или измислил. Но, нив народот ги помни. Тие му кажуваат за минатиот живот.
- Дали имате непознати зборови во песната „Баба и сватови"?
- **Кажувајте ја песната** по ред: Еден ќе прашува, друг ќе одговара.

## ПРИРОДНИ ЛЕКОВИ

**Благодарејќи му на ШИПОТ -**
**Коле го победи грипот !**

**Со две чаши чај од НАНЕ -**
**му мина стомакот на Ване!**

**Како дрен е здрава Милица -**
**зошто пие чај од КАМИЛИЦА!**

***Киро Донев***










- **Научете ја** песната напамет.
- Во песната „Природни лекови" се пее како луѓето се лекувале. За кои растенија се пее? Тие и сега можат да се употребуваат зашто се лековити. Дали некој пиел чај од нив? Кога си пиел?

## 3. БАЈКИ, БАСНИ, ЖЕЛБИ

Лав и глушец ........................................................................... 54
Расплакана песна - Велко Неделковски ........................................ 55
Ликови од бајки .......................................................................... 56
Волшебникот и книгите - Горјан Петревски .................................. 57
Пепелашка.................................................................................. 58
Говорна вежба: Зајакот и желката - Рајко Јовчевски ................... 59
Препирка - превод од руски ........................................................... 60
Лесно е да се лета - С. Ѓорго Димовски ......................................... 61
Желба - Перо Миленковски ............................................................ 62
Човечето од ништо - Џани Родари .................................................. 63



# 3

# БАЈКИ, БАСНИ, ЖЕЛБИ

# ЛАВ И ГЛУШЕЦ

**Моќниот лав беше невнимателен и се заплетка во една мрежа. Колку повеќе се обидуваше да се отплетка, толку повеќе се заплеткуваше во концитe. А нив не можеше да ги прегризе, затоа што тие беа тенки, а неговите заби беа големи.**

**Тоа го забележа глувчето Мицко и му притрча напомош. Почна со своите малечки, но остри запчиња да го грицка конецот од мрежата. Тоа го правеше сѐ додека моќниот лав не се најде на слобода.**

***Басна***



- Учителката ја чита басната. Кои зборови од оваа басна не ви се познати?
- Што знаете за лавот? **Зборувајте** за неговиот изглед, за неговата моќ, за исхраната, за местото на живеење. **Споредете го** лавот и глушецот, по големина и по јачина. Каде живее глушецот? Со што се храни?
- **Прераскажете ја** басната. Кој дел од басната ти е најдобар? Каква е пораката од оваа басна? Може ли таа порака некогаш да се однесува и на луѓето? А за децата?
- **Игра: Имитирајте ја** содржината само со пантомима.

# РАСПЛАКАНА ПЕСНА



**Розетка да не ја мачат**
**две солзички сами плачат!**

**Капнаа од очиња**
**солени поточиња.**

**Долу низ обравчиња**
**тркалезни гравчиња.**

**Но, потаму ниту чекор**
**Розетка им кажа прекор:**

**- Иш, иш, иш! Бриш, бриш, бриш!**
**Ќе ве избришат и сронат**
**сто насмевки кога ѕвонат!**

***В.Неделковски***

- За кое девојче се пее во оваа песна? Ако сакате **измислете** друго име за девојчето. Како тоа две солзички сами плачат? Зошто солзичките се солени поточиња? А зошто се тркалезни гравчиња? Дали солзичките на Розета можат да заличат уште на нешто? Со кој стих солзичките се избришани?
- **Кажете ја** заедно последната строфа. Што чувствувате од стиховите на оваа песна?
- Како се нарекува оваа песна?
- **Научете ја** напамет.

# ЛИКОВИ ОД БАЈКИ



- Овие здружени ликови се од повеќе бајки. Тие решиле заеднички да другаруваат. Каде сакаат да заминат заедно?
- Дали се сеќавете кој лик на која бајка ѝ припаѓа? **Зборувајте** за содржината на бајката која ја знаеш. **Опиши** го нацртаниот лик. Која бајка нај многу ја сакаш? Зошто? Кој лик од бајка те допаѓа? Што би изменил ти за него?
- Сакате ли заеднички да измислите сказна? Еден **нека започне**. Потоа, по ред, секој нека **даде** свое мислење. **Снимајте ја** таа бајка и **слушајте си ја.**

# ВОЛШЕБНИКОТ И КНИГИТЕ

Многу одамна живееше еден волшебник кој измислуваше и создаваше најубави сказни. И им ги раскажуваше на децата, зашто, во тоа време, малкумина луѓе знаеја да читаат и да пишуваат.

- Доста веќе! Вака не може...Си заминувам... - рече еднаш. - Секој треба да научи да чита и пишува.

- А каде ќе одиш, добар волшебнику? - го прашаа.

- Ќе дојде време кога светот ќе биде преполн со убави книги - предвиде.
- А јас ќе се кријам во најубавите приказни и сказни. Барајте ме во нив ако ви затребам.

И за миг волшебникот го снема.

Децата побрзаа да научат да читаат и да пишуваат. И оттогаш добриот волшебник го бараат по книгите.

*Горјан Петревски*



- **Разговарајте** за содржината на овој расказ. Што од него најмногу ќе запомните?
- Што му посакувате на волшебникот? Дали сакате и вие да бидете волшебни раскажувачи?
- Пораснете, читајте книги и сé е можно...

# ПЕПЕЛАШКА

**...Еден ден младиот принц реши да приреди бал на кој ќе ги покани сите девојки од кралството. Тоа беше голем настан зашто најубавата од нив ќе ја земе за жена.**

**Кутрата Пепелашка не смееше да оди на балот зашто мораше да работи во кујната ...**



- Учителката ја чита бајката „Пепелашка". Дали некој од вас ја знае? Ова е мал дел од текстот на бајката. Знаете ли што ѝ се случувало на Пепелашка пред тоа? Какво семејство имала Пепелашка? Зошто и е така името? Кој ѝ помогнал да има богата облека? До колку часот Пепелашка смеела да ја носи раскошна облека? Како ја замислуваш таа облека? Си го замислуваш ли балот на кој била Пепелашка? **Продолжете** да ја пре-раскажувате бајката за Пепелашка.
- Кој дел од содржината на бајката е нацртан?

# ЗАЈАКОТ И ЖЕЛКАТА

**Се обложил зајакот со желката**
**да се трка на шумскиот друм,**
**но трката ја изгубил срамно -**
**- имал брзи нозе, ама плиток ум!**

***Рајко Јовчески***



*ПОРАКА:*
***Желката како тркач нема слава, но секоја чест за умот в глава!***

- Од кои делови во текстот дознаваме дека зајакот имал плиток ум?

# ПРЕПИРКА

Едно магаренце и едно меченце, постојано се препирале. А еве зошто: едното велело „секогаш доаѓа", а другото „секогаш проаѓа"!

Мечето наутро се будело и се веселело:

- Гледајте, дошло утрото!

- Па, да, - се пожалило магаренцето, - но затоа си отишла ноќта!

И преку денот било исто така. Мечето викало:

- Дојде денот!

А магаренцето рикало:

- Да, но си отишло утрото!

Но, еден ден, еве што им се случило: на гости им дошол еден слон.

- Гледај, гледај, - викнало мечето, - ни дојде слонот!

- Да, зарикало магаренцето, но затоа прво си отишол од дома!



- Кој се препира во овој расказ? Зошто се препираат? Како ги разбирате зборовите: доаѓа - проаѓа? Во кој дел од денот се случувала препирката?
- **Прераскажете** го расказот. **Играјте** артисти: еден нека ги кажува зборовите на магаренцето, а друг на мечето. **Кажувајте** слободно, онака како што сте запомниле.
- **Размислувајте и разговарајте,** што во текот на еден ден вам ви доаѓа, а што ви проаѓа. **Прераскажувајте** приказни што ги знаете од порано.

# ЛЕСНО Е ДА СЕ ЛЕТА



Лесно е да се лета
високо над светот.

И на друга планета
може да се слета.

Само замисли желба
која ќе ти даде сила,

замижи, рацете
рашири ги ко крила;

па мафни со двете
и - в небо си, дете!

*Славе Ѓорго Димовски*

- **Слушнете** ја два пати оваа песна на поетот Славе Ѓорго Димовски. За што пее тој во неа? Со што летаат луѓето? А што мислите за летањето со желби? **Замижете, посакајте и летајте. Отворете ги** очите и **раскажете ја** сликата што ја „видовте".
- Што почувствувате од стиховите на оваа песна?
- Ако сакате, **научете ја** песната на памет.

# ЖЕЛБА



**Под чадорче дете се крие,**
**чадорчето росичка го мие.**

**Детето кај другарче оди,**
**добра желба кај него го води.**

**Зошто брза, зошто толку ита?**
**Да му дари книга за да чита.**

**Да го викне в игра што се ткае,**
**да оздрави, пак весело да е...**

***Перо Миленкоски***

# КАКО СЕ МЕРИ...

**Лесно е за висината и тежината,**
**но како се мери добрината,**
**како се мери другарството?**
**Или, да кажеме, лагата?**
**А како радоста и како тагата?**

***Д. Алачки***



- **Слушнете** ја два пати песната „Желба“. За која **добра желба** се пее во неа?
- Што мислите за другарувањето ? Какви желби имаш ти за твоето најдобро другарче?
- **Слушнете ги** и стиховите на песната „Како се мери“. **Размислете** за содржината на нејзините стихови. Можете ли да кажете свое мислење? Како се мери другарството? А лагата? Како се мери тагата? **Искажете** се повеќемина за овие прашања од песничката.

# ЧОВЕЧЕТО ОД НИШТО

**Си беше еднаш едно човече од ништо. Носот му беше од ништо, устата од ништо, беше облечено во ништо.**

**Тргна од никаде на пат, по пат кој не водеше никаде. Сретна глувче од ништо и го праша:**

**- Не се плашиш ли од мачка?**

**- Не - рече глувчето - во оваа земја од ништо постојат само мачки кои се од ништо, кои имаат мустаци од ништо и нокти од ништо. Јас сакам сирење. Од сирењето ги јадам само дупките. Тие се од ништо, но, сепак ги сакам.**

**- Ми се врти во главата - рече човечето од ништо.**

**- Главата ти е од ништо, ако со неа удриш в ѕид, нема да те боли.**

**- Човечето од ништо толку се измори од сето тоа ништо, што задрема. И додека спиеше, сонуваше дека е човече од ништо, дека оди по пат од ништо, дека среќава глувче од ништо и дека јаде дупки во сирењето. Глувчето беше во право: тие беа од ништо.**

***Џани Родари***



- Писателот Џани Родари е многу познат писател за деца. Тој е од Италија, но него го читаат сите деца од светот. Неговите раскази содржат, многу играње. Кој збор овде го додал како игра? **Обидете се** заедно со учителката да ги избришете зборовите **ништо** и **никаде.** Можете ли да ја прераскажете приказната без тие зборови?
- **Измислете** си и вие реченици или приказни со некој додаден збор.

## 4. КНИГАТА Е ГОЛЕМО БОГАТСТВО


**За што пишуваат поетите - Д. Алачки** .................................... 66
**Во библиотеката** ..........................................................................67
**Во читална** ...........................................................................68
**Стихови за книгата - А. Кујунџиски** .........................................69
**Сликовница** ..........................................................................70
**Енциклопедија** .................................................................... 72
**Што му е на денот - Григор Поповски** ......................................73
**Птичји ресторан - В. Тимотикевиќ** ...........................................73
**Елка** .........................................................................................74
**Кој кого шета** .......................................................................75



# 4

# КНИГАТА Е ГОЛЕМО БОГАТСТВО

# ЗА ШТО ПИШУВААТ ПОЕТИТЕ



Поетите пишуваат за реки, воденици стари,
за детски игри и тротоари,
за пеперутки и бумбари,
за штркови, жаби и бари.
За баба, за дедо, за зима, за лето,
за ливада, за пчеличка, за цветот.
А зошто пишуваат поетите,
дали ќе се сетите?
Ќе кажам веднаш без некој да ме праша,
Пишуваат за насмевката ваша.

*Димитар Алачки*

- Поетите пишуваат сé и сешто. Во оваа песна се наброени многу нешта.
- **Читајте ги** стиховите; **разговарајте** за што пишуваат поетите.
  Што мислите за последните стихови?
- За што би пишувал ти песничка?

# ВО БИБЛИОТЕКАТА




- Каде се наоѓаат Јана и Аце? Кој позајмува книги? Имате ли дома книги за читање? Кој сака да чита книги дома кај вас? Кои сликовници ги имаш дома? Кој ти чита? Кога ти чита? Зошто ги сакаш книгите? **Наброј** некои книги што си ги слушнал. Која најмногу ја паметиш?
- Кои правила треба да ги почитуваш во библиотеката?

# ВО ЧИТАЛНА



- Каде се наоѓаат учениците? Со нив е писателот што пишува книги за деца. Тие со него разговараат и го прашуваат за многу работи околу книгата. Што мислите дека го прашуваат? Што тој им одговара? **Прашајте го** продавачот на книги кои ви ги препорачува за читање на ваша возраст? Ако можете, купете книга. Наместо писател, наставникот ќе ви раскаже: кога и како се пишува книга, кој ја илустрира, каде се печати, кој ја подврзува и сл.
- Играјте си книжарница. **Прашувајте** за насловите и за цените. Убаво е да се подарува книга за роденден!

# СТИХОВИ ЗА КНИГАТА

**Зошто ова е вака а не така,**
**ќе ти каже таа, земи ја в рака.**

**Таа ќе те поучи за сé,**
**што е за „да", а што е за „не".**

**Тоа што било и може да биде,**
**што е сега и што иде.**

**Колку? Каде? Како? Дали?**
**Сé е збрано во буквите мали.**

**За неа нема тајна.**
**Книгата е многу значајна.**

***Александар Кујунџиски***



*ПОГОВОРКА:*
***Земјата се осветлува од сонцето, а човекот од знаењето.***

- Учителката ви ја чита песната. Дали имаше непознат збор.
- Прашање: Дали книгите треба да ги држиме на полиците и само да си ги гледаме? Кои книги остануваат секогаш нови? **Посетете ја** училишната библиотека. **Позајмете** книги. Кога ќе ти бидат прочитани. ќе ги вратиш во библиотеката. Ако можете, **посетете го** саемот на книгата.
- Посетете  печатница. Нека ви објаснат како се подготвуваат и печатат книгите.

# СЛИКОВНИЦА




- Дали знаете за сликовницата „ПИНОКИО"? Што се зборува во неа? Што мислите за ликот на Пинокио? Кој дел ви е најинтересен? **Направете** сами сликовница. **Одредете** групи за цртање. Секоја група нека избере што сака да нацрта. **Обојте** ги цртежите. **Раскажете** што има на цртежите. **Врзете ги** листовите заедно. Ќе ви помогне учителката. Корицата е најтврда. И таа е нацртана. Вашата сликовница нека стои во училишното катче.


ВОЛКОТ И
СЕДУМТЕ ЈАРИЊА


ПАЛЧЕ


Walt Disney
Бамби


Walt Disney
ДАМБО


ЦРВЕНКАПА


МАГИЧНАТА
ФЛЕЈТА

# ЕНЦИКЛОПЕДИЈА

**Енциклопедија е голема книга. Во неа има напишани и насликани многу знаења. Тие се кратки, па затоа ги има толку многу. Подредени се по азбучен ред. Нив ги има и во библиотеките и во книжарниците. Ако некој од вас има дома своја енциклопедија, нека ја донесе во училницата. Вие, заедно со учителката, ќе ја разгледате и ќе се запознаете со неа. Учителот ќе ви го чита тоа што вас ве интересира.**



# ШТО МУ Е НА ДЕНОТ

**- Мамо, тажен сум и ми е жал
денот што стана мал...
Што му е, што се случува,
па слабее и се скусува?**

**- Птиците што си заминаа,
малку од денот скинаа.
Облаците што слегнаа,
денот наш го стегнаа.**

**И сонцето кон југ што фати
- денот нам ни го скрати...**

***Григор Поповски***



## ПТИЧЈИ РЕСТОРАНИ

**Ронките од лебот
кога не ги јадеш,
на гладните птици
треба да ги дадеш!**

**По гранките тогаш,
во крошните збрани,
ќе станат веднаш -
птичји ресторани!**

***Б.Тимотиевиќ***



- Разговор за зимата. **Разговарајте** за намалениот ден, за птиците преселници, за облаците во зима, за сонцето што послабо грее, за облекувањето, за зимските игри, за вашата добрина кон гладните птици.
- **Снимајте се** кога ја рецитирате песната „Птичји ресторан". Преслушајте ја снимката.

# ЕЛКА



- Зошто на илустрацијата има елка? Како е украсена? Кој е влезен во собата? Што мислиш, кој му помага на Дедо Мраз за да знае какви подароци да донесе? Каков подарок најмногу би те израдувал за Нова година? Каков украс ќе и изработиш и ќе закачиш на вашата елка?
- Кои песни се пеат за Нова година? **Испејте** некоја. Какви желби си упатуваме со нашите блиски? Дали вие испративте некому честитка за Нова година? Знаеш ли што е напишано на неа? **Измислувајте** и **кажувајте** куси текстови кои вие би ги напишале на новогодишни честитки.

# КОЈ КОГО ШЕТА

**Аце многу сака да гледа телевизија. Се радува на цртаните филмови и емисиите за деца.**

**- Сине, излези да поиграш со другарчињата ! - му вели мајка му.**

**- Не, не сакам! Гледам интересен филм !**

**- Сине, надвор е убаво времето. Оди со дедо ти да прошеташ во паркот! - го моли татко му.**

**Аце гледа во екранот и молчи.**

**- Ајде бабино, оди прошетај го дедо ти низ паркот! Тој е стар и му треба друштво! - се досети баба му.**

**- Дедо! Дедо! Подготви се! Ќе те прошетам низ паркот! Филмот сум го гледал и порано!**

**Навистина, кој кого ќе шета низ паркот?**



- Зошто мајка му на Аце сака тој да излезе надвор на сонце?
- Зошто не треба долго да се гледа телевизија? Што сакаш повеќе: да гледаш телевизија или да играш со другарите? Зошто? Кои детски ТВ програми ги гледаш? Дали ти се интересни?
- **Раскажувајте** за телевизиски емисии што сте ги запамтиле.
- **Договорете се** која ТВ детска емисија ќе ја гледате. Потоа во училницата ќе зборувате како ви се допаднала. Можеби ќе сакате да заврши со поинаков крај. **Изменете** го крајот на емисијата.

# 5. МЕДИУМСКА КУЛТУРА


**Радио емисија ........................................................................ 78**
**Куклена претстава ................................................................. 79**
**Цртан филм ...........................................................................80**
**Театарска претстава ............................................................... 81**
**Шапка - С. Вангели ................................................................. 82**
**Списанија за деца ................................................................... 83**



# 5

# МЕДИУМСКА КУЛТУРА

# РАДИОЕМИСИЈА

Јана и другарка ѝ си играат со кукли. Радиото ја прекинува мелодијата и гласот на спикерот соопштува: „Се бараат деца за артисти во радиодрами. Ве молиме, кој сака нека се пријави".

Јана ја прекинува играта.

- Мамо, и вели таа. Што е тоа артисти?

- Артистите учествуваат во радиодрами.

- И? - љубопитно прашува Јана.

- Артистите си зборуваат како сега вие двете што си зборувате. Режисерот ќе им каже што треба да кажуваат.

- И потоа сите ќе не́ слушаат ?

- Сите што слушаат радио, Јана.

- Мамо, ајде одведи не и нас таму? Зошто да си зборуваме овде и никој да не не́ слуша? - извика весело Јана.



- Самите **завршете** го расказот. **Направете** разлика од ТВ емисии и радио-емисии. Што повеќе сакате? Зошто?
- **Пуштете** снимена емисија. Вести.
- Дома **слушајте** радио. **Разговарај** со родителите какви емисии има на радиото? Кои се интересни за вас?
- **Имитирајте** радиовести за деца.
- **Бидете** спикери и **кажувајте** што ви се случило денес. Ќе ви биде забавно.
- **Изберете** кој има најдобар глас за спикер.

# КУКЛЕНА ПРЕТСТАВА







- Какви кукли се наоѓаат на бината?
- Како се облечени? Која најмногу ти се допаѓа? Што мислиш дека зборуваат меѓу себе?
- Ако си гледал куклена претстава, **раскажи ја. Замисли** дека ти треба да направиш куклена претстава. **Зборувај** за содржината на претставата. Како ќе ги облечеш куклите? Каква порака ќе има твојата претстава?
- **Гледајте** куклен филм. Потоа заедно **раскажете** што ви се допаѓа во него, а што не ви се допаѓа? Каква измена ти би направил во филмот?
- **Направете** кукли и потоа играјте куклена претстава.

# ЦРТАН ФИЛМ



- **Опиши** го Попај. По кои постапки си го запомнил? **Разговарај** за содржини во кои главен лик е Попај. Што ти се допаѓа кај него? Што не ти се допаѓа?
- Кои други цртани филмови ги знаеш? **Разговарајте** кои цртани филмови ви се допаѓаат? Зошто? Сакате ли ликови што се насилни? А какви ликови сакате? Каков цртан филм ти би направил?
- Можеш со неколку слики да нацрташ филм за некоја интересна случка.

# ТЕАТАРСКА ПРЕТСТАВА







- За која театарска претстава се однесува сликата? Како се облечени артистите? Кој лик најмногу ти се допаѓа? Зошто? Има ли порака до децата?
- Вие можете да си правите училишни театарски претстави. Возрасните ќе ви помогнат. Изберете од учебникот, или од детското списание, драмски текст. Научете да го кажувате како вистински артисти. Маските направете ги сами. За облеката ќе ви помогнат возрасните. **Уживајте!**

# ШАПКА

Дојдоа децата в кино и Мишко веднаш зафати две места. На еден стол седна тој, а на другиот ја стави својата шапка.

А Љупчо стои настрана, за него нема место.

Дојде учителката и рече:

- Почитувана Шапко, ќе дозволиш ли на твоето место да седне Љупчо?

Мишко се вцрви и си ја прибра шапката.

*С. Вангели*



- Што погрешил Мишко? Зошто се вцрвил? Со кои зборови учителката ѝ се обратила на шапката? Зошто ти се допаѓаат нејзините зборови? Како можела поинаку да му рече на Мишко?
- Дали ти си бил во кино? Што направи пред да влезеш во салата? Каква е салата кога се прикажува филмот? Како се однесуваат луѓето додека трае филмот?
- **Раскажи** каков филм си гледал. Каква содржина имаше филмот?

# СПИСАНИЈА ЗА ДЕЦА




- Во списанијата за деца има интересни содржини и случки. **Користете ги. Разгледувајте ги** нивните цртежи. Некој повозрасен ќе ви ги прочита текстовите. Во списанието има: раскази, приказни, песни, шеги, и други интересни содржини. Во списанието објавуваат и детски творби.
- **Играјте:** Некој нека го каже првиот глас од името на ваше другарче. **Погодувајте** кој е тоа. Потоа **кажувајте** го последниот глас од името. **Погодувајте** кој е тоа. Можете да го **кажувате** првиот и последниот глас од имињата на предмети во вашата училница. **Погодувајте** кој е предметот.

## 6. КУЛТУРНА РАЗГЛЕДНИЦА


На пазар ........................................................................................ 86
Аце лови риби ............................................................................... 87
Разговор на прстите ...................................................................... 88
Кој ќе работи и кој ќе јаде - Народна приказни ........................... 89
Си играме ресторан ....................................................................... 90
Писмо ............................................................................................ 91
Сред вревата во тревата - Македонка Јанчевска .......................... 92
Пролет - Сунчана Шкрињариќ ....................................................... 93
Играме купување .......................................................................... 94



# КУЛТУРНА РАЗГЛЕДНИЦА

# НА ПАЗАР



**Шега:**

**Миле е на пазар со мајка му. Застануваат пред еден селанец кој продава јагоди.**

**- Што им ставате на јагодите? - праша мајката, кога ги виде колку се големи и црвени.**

**- Им ставаме ѓубре - одговори селанецот.**

**- Многу интересно! - се чуди Миле. - А ние им ставаме шеќер.**

- Кога селанецот им става ѓубре на јагодите? Кога се става шеќер?
- **Раскажи** и ти нешто за јагодите. **Опиши** како изгледаат. Каков им е вкусот? Пред да ги јадеме, што им правиме?

**ШЕГА:**

**- Зошто си го врзал тој конец околу прстот?**

**- Сестра ми ми го заврза да не заборавам да ѝ пуштам едно писмо во поштата.**

**- И го пушти ли?**

**- Не! Таа заборави да ми го даде писмото!**

- Што е смешно во оваа шега?
- Дали ти некогаш заборараваш? Сети се како било тоа. Како ја поправи грешката од заборавањето?

**Измислувајте** и вие шеги.

# АЛЕКСАНДАР ЛОВИ РИБИ



**Играјте во парови:** Учителот пишува три реченици на таблата со печатни букви. Еден ученик му бара на другиот да препознае и подвлече буква во напишаните реченици. Потоа се сменуваат учениците.

- **Доцртај** го мостот.



- Што прави Александар на реката? **Опишете** го просторот околу реката. Тој е многу возбуден. Зошто? Што му се случува потоа на Александар. **Составете** заеднички расказ.

# РАЗГОВОР ЗА ПРСТИТЕ

**Разговарале прстите кој од нив е поважен.**

**Јас ви помагам на сите вас.**

**Јас сум најпаметен затоа на секого му го покажувам патот.**

**Јас сум најубав зашто носам прстен.**

**Ние сите сме добри кога ќе се сретнеме со другарите заедно.**

**Јас се здружувам со секој од вас. Затоа на сите ви помагам.**



**Кој прст е најпаметен?**

Доцртај ги ноктите.



# КОЈ ЌЕ РАБОТИ И КОЈ ЌЕ ЈАДЕ



**Еден татко им рекол на своите синови:**

**- Утре мајка ви ќе расука баница. Кој ќе ја јаде?**

**Најголемиот рекол:**

**- Јас, тате, ќе ја изедам.**

**- Јас ќе го заколам прасето. Него кој ќе го изеде?**

**Истиот син одговорил:**

**- Јас, тате, јас и него ќе го изедам.**

**- Утре ќе одиме на нивата да ја ораме. Кој ќе дојде да ора?**

**- Е, сé јас, сé јас, сега нека биде некој друг! - рекол најголемиот син.**

***Народна приказна***

- **Доврши ги** отворените скали.



*ПОГОВОРКА:*
***Без труд одморот не е сладок.***

- Во оваа народна приказна, таткото зборувал три пати. И најголемиот син му одговарал три пати. По неколку пати слушање на приказната, **обидете се** да ја играте како драмски текст. Каква е пораката од приказната?
- Приказната е напишана со големи и мали букви. **Подвлечете ги** со молив големите букви. Кој може да ги изговори подвлечените големи букви?

# СИ ИГРАМЕ РЕСТОРАН




- **Доцртај ја** чинијата.



- **Доцртај ја** чашата.



- Во овој ресторан можете да си порачате ручек. Како ќе го викнете келнерот? Што ќе му кажете? Како ќе постапи тој? Што ќе му речете кога ќе ве послужи? Што тој ќе ви каже кога ќе му платите?
- **Играјте** си дека сте во слаткарница.

# ПИСМО

**Прошетајте се во најблиската улица. На зградите (куќите) веројатно има различни натписи: име на улицата, име на фирмите, канцелариите и др. Пред секој натпис обидете се на глас да го прочитате. Кој не знае ќе научи подоцна.**




- Заедничко писмо. **Доцртај** го пликот.



- **Разговарајте** што „прочитавте". **Раскажи** како ти купуваш.

- **Игра:** „Писмо". Учителот чита писмо што го испратило ваше другарче од друг град. Испраќачот напишал: „Драго непознато другарче". Тој пишува се за себе. Вие треба да му одговорите. За секоја реченица што треба да ја одговорите, **договарајте** се сите. Учителот ќе го запише вашето писмо, а потоа ќе ви го прочита. **Договорете се** каде ќе го испратите вашето заедничко писмо.

# СРЕД ВРЕВАТА ВО ТРЕВАТА



**Штурчето молчи.**
**- Зошто?**
**- Си го изгуби тамбурчето!**
**- Каде?**
**- Сред вревата во тревата!**
**- И Лет Мара плаче**
**ѝ потекле очињата.**
**- Зошто?**
**- Ги загуби од палтото копчињата!**
**- Каде?**
**- Сред вревата во тревата!**
**- Бумбарот одложил концерт!**
**- Зошто?**
**- Го загубил фракот!**
**- Каде?**
**- Сред вревата во тревата!**
**- А кога? А кога?**
**- Се случи тогаш**
**кога падна мракот.**

***Македонка Јанчевска***

- За кои три бубачки се пее во песната?
- **Слушнете ги** само зборовите со кои се прашува. **Поделете** се во две групи. Заедно со наставникот, првата група нека прашува, а втората нека одговара на прашањата. Тоа правете го и двајца во пар.
- **Научете ја** песната напамет.

# ПРОЛЕТ



Пролетта е почеток. Прво годишно време. Децата зборуваат: пролет, лето, есен, зима. Пролетта е најпрва. На пролетта најмногу ѝ се радуваме. Но, во првите пролетни денови се водат мали борби во природата. Сонцето со снегот, дождот и силниот ветер се борат меѓусебе кој ќе победи. Времето е променливо. Доаѓаме да ја пресретнеме пролетта со чадор.

Најпосле сонцето победува, неговата светла и топла топка ја осветлува и стоплува Земјата. Сонцето е најголемиот пријател на пролетта. Секоја година тие приредуваат изложба на цвеќиња.

*Сунчана Шкрињариќ*

- Се радуваш ли на пролетта? Зошто?
- Кој се бори за победа во пролетта?
- Кој победува?
- Што приредуваат сонцето и пролетта секоја година?

# ИГРАМЕ КУПУВАЊЕ




- **Играјте си** и вие купување - продавање. **Немојте** да ги заборавате културните зборови: ве молам, благодарам, повелете.




- **Доцртајте** го сладоледот.



## 7. ИСТРАЖУВАМЕ И ПИШУВАМЕ

**Препознај ги големите букви** ........................................... 98
**Гласови во зборови** .............................................................. 99
**Големи печатни букви и нивните гласови** ........................... 100
**Големи букви (глобално читање)** ........................................ 103
**Големи печатни букви** ......................................................... 104
**Покана за прослава** ............................................................. 105
**Ние сме тие** ........................................................................ 106
**Истражуваме** ...................................................................... 107
**Три мравки** ......................................................................... 108
**Распродажба** ...................................................................... 109
**Тројца ловџии** ..................................................................... 110
**Децата и сонцето** ................................................................ 111



# 7

# ИСТРАЖУВАМЕ И ПИШУВАМЕ

# ПРЕПОЗНАЈ ГИ ГОЛЕМИТЕ БУКВИ

**Ако не знаеш да ги препознаеш буквите, не се грижи: ќе ги научиш идната учебна година.**

**Која од буквите ви личи на некој предмет?**

**Играјте со коцки на кои има напишани букви.**


П


С


Ч


Т


Р


Ј

- **Доцртај!**

П Т

С Р

Ч Ј

- **Исечи** ги овие големи букви од списанија и **залепи** ги.

# ГЛАСОВИ ВО ЗБОРОВИ

## ПРЕПОЗНАВАЊЕ НА ГОЛЕМИ ПЕЧАТНИ БУКВИ



**Изговори го името на нацртаното. Со кој глас започнува зборот?**







**Изговори го името на нацртаното.**
**Изброј на прстите кој по ред е гласот С.**

- **Измислете и изговорете** зборови со гласовите: Р, Ј, Ч, Т.
- Дали овие гласови се содржат во вашите имиња?

# ГОЛЕМИ ПЕЧАТНИ БУКВИ И НИВНИТЕ ГЛАСОВИ

**Изговори го зборот на цртежот.**
**Забележи го гласот на буквата М.**







- **Именувајте** зборови со гласовите: И, Е, В. Можат да се содржат во почетокот во средината и на крајот од зборот.




**Именувајте** зборови со гласовите: Б, И и В.
Можат да се содржат во почетокот, во средината и на крајот од зборот.

# ГОЛЕМИ ПЕЧАТНИ БУКВИ И НИВНИТЕ ГЛАСОВИ

О О О О О О!





А А А А А А !

Ш Ш Ш Ш Ш!





Ж Ж Ж Ж Ж!



Г Г Г Г Г Г Г



Ѓ Ѓ Ѓ Ѓ Ѓ Ѓ Ѓ Ѓ!

- **Пронаоѓајте** зборови во кои се содржат гласовите на запишаните големи букви. При секој изговор на гласот, **плеснете** со раце.
- **Измислувајте** реченици. При изговорот на гласовите од запишаните букви, **плескајте** со рацете.

# ГОЛЕМИ БУКВИ

 **Ц** (цуцла),  **Џ** (џип),  **К** (куќа)

 **В** (воз),  **З** (заби),  **Д** (дрво)

**Изговарајте ги гласовите на буквите по ред.**

**Измислувајте зборови со гласовите на буквите по ред. Измислувајте зборови со гласовите: на почетокот, во средината и на крајот.**

**Во текст од учебникот, со молив подвлекувајте ги големите букви. При тоа изговарајте ги. Натпреварувајте се кој ќе направи помалку грешки.**

**Изговори ги напишаните зборови во еден здив:**

 **МОЛИВ**  **УЧИЛИШТЕ**  **ДРУГАРЧЕ**

 **КУКЛА**  **ЧАНТА**  **МАЧЕ**

- **Играјте игра:** „Што недостасува?" - испуштени гласови во зборот.

# ГОЛЕМИ ПЕЧАТНИ БУКВИ



Л



Њ



Љ





S



Ф



Х



- **Измислувајте** зборови со овие гласови. Гласовите во зборот можат да бидат во почетокот на зборот, во средината и на крајот на зборот. **Натпреварувајте** се кој прв ќе измисли. **Тропнете** со ногата кога го изговарате гласот во зборот.
- Со молив подвлекувајте големи букви во текст од учебникот. **Препознајте ги** и на глас **изговарајте ги** големите букви.
- **Играјте** „На буква, на буква...”

# ПОКАНА ЗА ПРОСЛАВА



- Се наближува крајот на учебната година. Ќе има прослава. Каква сакаш да биде прославата? Со кои песни, игри и драмски текстови ќе учествува вашето одделение? Родителите треба да бидат поканети. Договорете се за поканите. Што да биде нацртано и запишано на нив. Се избира хартијата, боиците. Учителот пишува текст за поканата на таблата.
- Се прави и еден голем заеднички плакат - покана. Тој се остава во училишното катче.

# НИЕ СМЕ ТИЕ




- Секое дете да дојде до таблата и да си го каже своето име и адреса на живеење, а учителката истовремено тоа го запишува на таблата.
- **Играјте** различни игри што ги сакате и **пејте** заедно песнички што ги знаете.

# ИСТРАЖУВАМЕ

## СО ПОМОШ НА ВОЗРАСНИТЕ

**Со што може да се пишува?**
**На што може да се пишува?**
**Поделете се во 4 групи.**

- **Првата група нека докаже со што се пишува во училницата. Дома нека собере предмети за пишување. Може да се соберат и слики.**

- **Втората група нека размисли и докаже на што се пишува во училницата. Да се соберат и материјали на кои се пишува.**

- **Третата група да докаже зошто се пишува по ѕидовите и фасадите. Што мислат ако некој пишува каде што сака? Зборувајте за шаркањето по фасадите.**

- **Четвртата група да даде докази со што може да се пишува на цементна подлога и на песок.**

- **ЗАДАЧА: Направи** цртежи со предмети со кои се пишува и црта. **Оставете** цртежи и во вашето училишно катче.

# ТРИ МРАВКИ

 **најде едно зрно**  **. Сакаше да го однесе**  **.**

 **е големо, а таа - мала.**

**Тогаш**  **виде**  **, па им рече: Дојдете со мене да ми помогнете.**

 **отидоа по зрното.**  **и го однесоа во**  **.**

**Она што не можеше**  **лесно го извршија**  **заедно.**



***НАРОДНА ПОГОВОРКА:***
***Во слогата е спасот.***

- Како меѓусебе си помогнале мравките? Како вие децата можете понекогаш да си помогнете?
- **Разговарајте** за народната поговорка: Во слогата е спасот.

# РАСПРОДАЖБА

**Подредете си ги сите предмети и слики што ги собравте во одделенското катче. Напишете им цена. Известете ги родителите дека ќе има распродажба на ваши изработки. Кажете им ден, час и место каде што ќе се врши распродажбата. Во неа нека ви помагаат и неколку родители.**

**Пред да започне распродажбата, рецитирајте, играјте, пејте и раскажувајте пред родителите, она што вие го сакате.**

**Собраните пари од вашата распродажба, искористете ги за автобуски карти за екскурзија во околината.**

**Ќе биде весело!**




- Учениците од сликата си ги кажуваат своите адреси и местото на живеење. **Кажете си ги** и вие вашите адреси со местото на живеење. Кого го имате во вашето семејство? Како се викаат? Што работат вашите родители? Што чувствуваш за нив?
- **Раскажувајте** како се чувствувате во училиштето. Што ви се допаѓа? **Наброј** три имиња од твоите нови другарчиња.
- **Испејте** песна со плескање на рацете и со тропнување на подот со нозете.

# ТРОЈЦА ЛОВЏИИ



Биле тројца ловџии. Двајцата немале оружје, а третиот бил без пушка. Еднаш пошле заедно во лов и истрерале три зајака. Два зајака избегале, а третиот не го ни уловиле. Тој што не го убиле го зеле и го понеле дома. Дошле пред една куќа која немала ни ѕидови , ни темел, ни кров.

Го повикале домаќинот, кој не бил тука и му рекле:

- Дај ни тенџере да го свариме зајакот!

Домаќинот им одговорил:

- Имам три тенџериња. Двете се скршени, а третото нема дно.

- Баш добро! - рекле ловџиите. Земи го лонецот што нема дно. Свари го во него зајакот кој не е уловен. Се најале слатко и си заминале.

*Народна приказна*

- **Слушнете** ја приказната неколку пати. Што не е во ред во неа?
- **Разговарајте** по ред за секоја реченица.
- **Дајте** друг наслов за оваа приказна.
- **Обидете се,** ако можете да ја средите содржината на приказната.

# ДЕЦАТА И СОНЦЕТО

**Децата ги подаваа рацете кон сонцето.**

**- Сакаме сé да биде зелено! - викаа. - Пушти ги, сонце, твоите зраци!**

**Сонцето ги разлеа зраците. Од топлината цутеа цвеќињата. Лисјата на дрвјата станувaa бујни и зелени. Тревата растеше. Сé оживеа. Сé беше прекрасно.**

**- Сакаме и плодови! - продолжуваа да извикуваат.**

**Сонцето им ја исполни желбата. Зреејa јагодите. Зрели беа и црешите. Децата се радуваа.**

**- А сега го сакаме летото!**

**Сонцето се смешкаше на небото. Зашто, додека им ги исполнуваше желбите, летото веќе дојде. Децата се затрчаа кон водите. Ќе се капат и ќе се плискаат. Ќе другаруваат со сонцето. Така ќе биде до есен. Додека да заврнат дождовите. Додека да задуваат ветровите.**

***Горјан Петревски***



**Драги деца,**
**Летниот распуст е пред вас. Ви посакуваме во него да уживате и многу, многу да си играте.**
**Среќно лето драги ученици!**



# ЗАЛЕПИ ГИ СЛИКИЧКИТЕ НА СООДВЕТНО МЕСТО НА БУКВИТЕ



# ЗАЛЕПИ ГИ СЛИКИЧКИТЕ НА СООДВЕТНО МЕСТО НА БУКВИТЕ

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| А | Ѓ | О | Ѕ | Ц |
| Ф | Џ | Љ | П | З |
| Т | Ж | С | Г | В |
| Н | Ј | Р | Б | Е |
| Ш | Д | Ќ | И | М |
| Х | К | Њ | Л | У |
| Ч | | | | |

# СОДРЖИНА

1. СЛУШАМЕ И ГОВОРИМЕ ............................ 10 - 35

2. ГЛАС, ЗВУК, ЗБОР, ГОВОР ........................ 38 - 51

3. БАЈКИ, БАСНИ, ЖЕЛБИ ............................. 54 - 63

4. КНИГАТА Е ГОЛЕМО БОГАТСТВО .......... 66 - 75

5. МЕДИУМСКА КУЛТУРА .............................. 78 - 83

6. КУЛТУРНА РАЗГЛЕДНИЦА ....................... 86 - 95

7. ИСТРАЖУВАМЕ И ПИШУВАМЕ ............... 98 - 111

Издавач:
**„МАКЕДОНСКА ИСКРА“ Скопје**
Бул. “Кочо Рацин“ бр. 10/4
Тел: 070 349 457 и 070 381 779
www.makedonskaiskra.com.mk

Автор:
**Михаил Јанушев**

За издавачот:
**Драган Поповски**

Главен и одговорен уредник:
**Славе Катин**

Рецензенти:
**Доц. д-р. Анита Штерјоска-Митревска**
**Благица Станковска**
**Сузана Танева**

Уредници:
**Марјан Поповски**
**Славе Катин**

Ликовно и графичко обликување
**Боби Аврамоски-Македон**

Лектура:
**Елена Тошева**

Печат:
**ОФСЕТ АЦО**

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

373.3.016:811.163.3.(075.8)

ЈАНУШЕВ, Михаил Учебник по македонски јазик за I одделение/
(Михаил Јанушев) Скопје; Македонска искра,
2008 – 116 (118) стр. Илустр. во боја; 30 см

ISBN : 978-9989-157-95-0
COBISS.MK-ID 71543306